**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

**Бр.__________________**
**_____________ 2024 год.**
**СКОПЈЕ**

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен кар актер (Службен весник на РМ број 101/19), Судскиот совет на Република Северна Македонија застапуван од претседателот Весна Дамева, со седиште во Скопје на ул.„Македонија" бр. 5, тел. 02/3218-130, факс 02/3218-131 и e-mail: contact@ssrm.mk, со службени лица за посредување со информации во Судскиот совет на Република Северна Македонија, Емилија Николиќ и Вера Андрејчин го подготви следниот:

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

(за период од 01.01.2023 - 31.12.2023 година)

**I.** Судскиот совет на Република Македонија со решение број 07-695/1 од 02.04.2014 година, согласно член 8 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, за службено лице за посредување со информации во Судскиот совет на Република Северна Македонија, го определи државниот советник во Стручната служба на Советот - Емилија Николиќ. Воедно, со решение број 11-2027/1 од 18.10.2023 година за службено лице за посредување со информациите од јавен карактер е определена Вера Андрејчин, советник за односи со јавност во Судскиот совет на Република Северна Македонија.

**II.** До Судскиот совет на Република Северна Македонија како имател на информации од јавен карактер во текот на 2023 година примени се вкупно 40 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, и тоа:

1) <u>**Барање поднесено од Петар Бошевски од Скопје**</u>

Со барањето подносителот бара да му се достави Меморандум за соработка потпишан помеѓу Судскиот совет на РСМ и Коалицијата на здуженија на граѓани „Сите за правично судење“.

2) **Барање поднесено од новинар Александар Димитриевски од Ммедиум 360**

Со барањето подносителот бара листинг на телефонски разговори од службените телефони на членовите на Судскиот совет на РСМ за период од јануари 2021 година до декември 2022 година.

3) **Барање поднесено од Институт за европска политика**

Со барањето подносителот бара: број на избрани судии, претседатели на судови, согласно член 45, 46 и 47 од Законот за судовите (Службен В. бр:58/2006; 62/2006; 35/2008; 61/2008; 118/2008;16/2009; 150/2010; 39/2012; 83/2018; 198/2018; 96/2019;), број на разрешени судии за период од 1 октомври до 31 декември 2022 година; број на судии, кои биле времено упатени од еден во друг суд од 1 октомври до 31 декември 2022 година и причината за нивното упатување; број на судии на кои им бил утврден престанок на судската функција, за периодот од 1 октомври до 31 декември 2022 година со наведување на основот за престанок; постапување на Судскиот совет по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судовите, претседателите на судовите и судиите за период од 1 октомври до 31 декември 2022 година, со наведување на клучните наводи како основ за поднесување на претставките и поплаките, колку од доставените претставки се разгледани, колку се неосновани, а колку основани и колку се повлечени од подносителот; број на поведени и број на утврдени дисциплински постапки за судии, претседатели на судови, членови на ССРСМ за период од 1 октомври до 31 декември 2022 година, со наведување на причината како основ за поведување и утврдување дисциплинска постапка, број на донесени одлуки за разрешување на судии и претседатели на судови за период од 1 октомври до 31 декември 2022 година, со наведување на причината како основ за нивното разрешување; донесени подзаконски акти во периодот 1 октомври до 31 декември 2022 година со цел доследна примена на Законот за Судскиот совет (Службен Весник на РСМ, бр.102/2019).

4) **Барање поднесено од новинар Ангела Рајчевска од МИА**

Со барањето подносителот бара информација за исплатени патни трошоци на сите судии и членови на Судскиот совет во РСМ (со име и презиме) за изминатите три години, односно 2020, 2021 и 2022 година.

5) **Барање поднесено од Институт за европска политика**

Со барањето подносителот бара да му се достави информација за околноста кои се измените и дополнувањата на Програмата и Акцискиот план за превенција и следење на корупција во судството 2022-2025 година, кои измени се усвоени на 421-та седница на ССРСМ, одржана на 07.12.2022 година.

6) **Барање поднесено од професор Денис Прешова**

Со барањето подносителот бара од Советот да му се достави информација колку судии биле предмет на вондредно оценување, почнувајки од 2019 година до денес, согласно член 77 став 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ и каква била структурата на оцените од вонредните оценувања на работата на судиите според член 77 став 3 од Законот за Судскиот совет на РСМ од 2019 година и новата Методологија од 2020 година, односно колку судии добиле позитивна, а колку судии негативна оцена и со колку бодови.

7) **Барање поднесено од Ардит Рамадани од Скопје**

Со барањето подносителот бара да му се достави информација од јавен карактер за бројот на толкувачи на знаковен јазик (листа), вработени во сите судови во Република Северна Македонија и дали во Прилеп има вработени толкувачи на знаковен јазик и доколку има кој е вработено лице.

8) **Барање поднесено од Анита Лапчева Вулиќ од Неготино**

Со барањето подносителот бара да и се достави примерок од преработениот Единствен годишен план за вработување во судовите за 2023 година.

9) **Барање поднесено од ИЈК-Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство**

Со барањето подносителот бара од Советот за време од 2017 до 2022 година да достави информации за бројот на жени судии и мажи судии, за бројот на жени претседатели и заменици на

претседателите и за бројот на мажи претседатели и заменици на претседатели во сите основни судови, апелациони судови, во Врховниот суд на РСМ, Управниот суд, Вишиот управен суд и во Судскиот совет на РСМ.

**10) Барање поднесено од Драган Лазаревски**

Со барањето подносителот бара да му се достави фотокопија од претставките УПП. бр. 08-89/23 и УПП бр. 08-89/1 од 27.01.2023 година, како и фотокопија од записникот од седницата на 22.03.2023 година.

**11) Барање поднесено од новинар Ардит Рамадани од АЛСАТ-М**

Со барањето подносителот бара информација за бројот на застарени судски предмети од 2019 година до сега, односно во последните 4 години.

**12) Барање поднесено од Институт за европска политика**

Со барањето подносителот од Советот бара поголем број информации и тоа. За број на избрани судии и претседатели на судови, согласно член 45, 46 и 47 од Законот за судовите, за број на разрешени судии во период од 1 јануари до 31 март 2023 година; за број на судии, кои биле времено упатени од еден во друг суд од 1 јануари до 31 март 2023 година и причината за нивното упатување, за број на судии на кои им бил утврден престанок на судската функција, во периодот од 1 јануари до 31 март 2023 година, со наведување на основот за престанок, за постапување на Судскиот совет по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судовите, претседателите на судовите и судиите за период од 1 јануари до 31 март 2023 година, со наведување на клучните наводи како основ за поднесување на претставките и поплаките, информации по однос на тоа колку од доставените претставки се разгледани, колку се неосновани, колку основани и колку се повлечени од подносителот; за бројот на поведени и бројот на утврдени дисциплински постапки за судии, претседатели на судови и членови на ССРСМ за период од 1 јануари до 31 март 2023 година, со наведување на причината како основ за поведување и утврдување дисциплинска постапка, за броотј на донесени одлуки за разрешување на судии и претседатели на судови за период од 1 јануари до 31 март 2023 година, со наведување на причината и основот за нивното разрешување; и информации за донесените подзаконски акти во периодот од 1

јануари до 31 март 2023 година со цел доследна примена на Законот за Судскиот совет на РСМ .

**13) Барање поднесено од новинар Мери Јордановска**

Подносителот бара Советот да достави информација за бројот на предмети за кои во судовите настанала апсолутна застареност, почнувајки од 01.01.2018 година до 31.03.2023 година, според години, според видот на делото и според судот.

**14) Барање поднесено од Институт за европска политика - Ангела Делевска**

Подносителот бара да му се достават усвоениот Извештај од работна група од редот на информатичарите во врска со барањето на Советот за ИКТ, за надградба, исталација и конфигурација по донесен заклучок на СБС од 193-та седница.

**15) Барање поднесено од Хелсиншки комитет**

Со барањето согласно со стартегијата и акцискиот план за пробациска служба во РСМ 2021-2025 година, подносителот бара да му се достави информација за број на препораки на ССРСМ да се изрекуваат повеќе атернативни казни и до кои судови истите се испратени за периодот од 2121 и 2022 година, како и податоци за број на одржани тркалезни маси со кривични судии и обвинители во сите региони за да се промовира изрекувањето на алтернативни казни, посебно општокорисна работа.

**16) Барање поднесено од Војне Петкоски од Скопје**

Со барањето подносителот бара да се достави информација до каде е постапката по претставката УПП бр.08-50/23 и зошто нема одговор по поднесен приговор.

**17) Барање поднесено од Коалиција сите за правично судење**

Со барањето подносителот бара од Советот да му се достави примерок од решение бр.02-901/1 од 26.04.2023 година, примерок од одлуката со која се става вон сила решението на ССРСМ бр.02-901/1 од 26.04.2023 година, одлука за разрешување на Весна Дамева од функцијата претседател на ССРСМ од одржаната нејавна 441-ва седница на ССРСМ од 04.05.2023 година и примерок од записникот од 438-та седница на ССРСМ.

### 18) Барање поднесено од Илија Максимовски

Со барањето подносителот бара копија од одлука на Судскиот совет на РСМ донесена на продолжението на 261-та седница одржана на 17.08.2017 на која на петмина судии на Управниот суд им е одземен имунитетот.

### 19) Барање поднесено од Марин Чедевски од Гостивар

Со барањето подносителот бара да му биде доставена информација – лични податоци, име и презиме, локациски услови – место на живеење и адреса на судијата Реџеп Асани од Основен суд Гостивар.

### 20) Барање поднесено од Балканска истражувачка мрежа-БИРН

Со барањето подносителот бара да му се достави записник од седница на Судскиот совет на РСМ одржана на 02.10.2019 година.

### 21) Барање поднесено од Ардит Рамадани од Скопје

Со барањето подносителот бара информација за број на застарени предмети во судовите сметано од 01.01.2018 година до сега.

### 22) Барање поднесено од новинар Васко Маглешев од Балканска истражувачка мрежа - БИРН

Со барањето подносителот бара да му се достави записник од седницата на Судскиот совет на РСМ одржана на 10.02.2020 година.

### 23) Барање поднесено од Транспаренси Интернешнл Македонија

Со барањето подносителот бара да му се достави преглед на сите проекти кои ССРСМ ги имплементирал во периодот 2019-2023 година а биле финансирани од странски донатори.

### 24) Барање поднесено од Центар за граѓански комуникации

Подносителот на барањето бара да му се доставаат податоци за буџетски ставки 480-купување на опрема и машини и 481-градежни објекти, за 2022 година.

**25) Барање поднесено од Фисник Џелили од Скопје**

Со барањето подносителот бара одреден број податоци и информации кои се однесуваат на кривично дело од чл.394-е од Кривичниот законик.

**26) Барање поднесено од Славчо Деспотов од Делчево**

Со барањето подносителот од Советот бара да му се достави извештај за стостојбата и начинот на кој е постапувано по претставка во Советот поднесена од негова страна месец јуни 2022 година.

**27) Барање поднесено од Институт за европска политика**

Со барањето подносителот бара информации за вкупен број на претставки по кои што постапувал Судскиот совет на РСМ во период од 01.10.2022-30.09.2023 година, колку од претставките биле основани, колку неосновани, а колку отфрлени. Подносителот бара и податоци за вкупен број на судии на кои им бил констатиран престанок на судиска функција во периот 01.19.2023 до 30.09.2023 година.

**28) Барање поднесено од Институт за европска политика**

Со барањето подносителот бара информации за вкупен број на претставки по кои што постапувал Судскиот совет на РСМ во текот на 2021 година, колку од претставките биле основани, колку неосновани, а колку отфрлени.

**29) Барање поднесено од Агрон Конџели**

Со барањето подносителот бара информација со АКМИС системот во Основниот кривичен суд Скопје – конкретно - „Колку пати бил злоупотребен АКМИС системот со цел судијата Даниела Димовска од Основен кривичен суд Скопје да биде избрана за судија во предходна постапка по предметот КПП.бр.366/17 од 01.06.2023 година или пак истиот предмет е земен на рака? “

**30) Барање поднесено од Агрон Конџели**

Со барањето подносителот бара информација со АКМИС системот во Основниот кривичен суд Скопје – конкретно - „Колку пати бил злоупотребен АКМИС системот со цел судијата Марин Станевски и Душан Јосифов од Основен кривичен суд Скопје да биде избрана за судија во предходна постапка по предметот КПП.бр.366/17 од 01.06.2023 година или пак истиот предмет е земен на рака? "

**31) Барање поднесено од новинар Ардит Рамадани од АЛСАТ-М**

Со барањето подносителот бара информации за број на предмети на убиство каде што жените биле жртви на своите сопрузи кои се воделе во судовите во РСМ во последните 4 години (по градови и судови), информации колку од овие предмети во последните 4 години се завршени со правосилна пресуда и колку се застарени.

**32) Барање поднесено од Коалиција сите за правично судење**

Со барањето подносителот бара податоци за познавање на странски јазици и нивниот степен за секој член на Судскиот совет на РСМ поединечно.

**33) Барање поднесено од судија Оља Ристова**

Со барањето подносителот бара да му се доставии информација од страна на која институција, орган, училиште за странски јазик, меѓународно здружение или признат атестатор се издадени сертификатите за познавање на англиски јазик за судијата Александра Ристевска, за Б и Ц ниво, кој датум се издадени сертификатите, под кој деловоден број и кој ги потпишал".

**34) Барање поднесено од Институт за европска политика**

Со барањето подносителот бара информација за број на избрани судии, претседатели на судови и суѕдии поротници за период од месец октомври 2022 година до месец септември 2023 година.

**35) Барање поднесено од Институт за европска политика**

Со барањето подносителот бара информација за број на донесени одлуки за разрешување на судии и претседатели на судови за период од месец октомври 2022 година до месец

септември 2023 година, со наведување на причината како основ за нивно разрешување

**36) Барање поднесено од Институт за европска политика**

Со барањето подносителот бара информација од делот на надлежностите на Судско буџетски совет, односно податок за одобрениот судски буџет за 2023 година од БДП, изразено во проценти.

**37) Барање поднесено од Институт за европска политика**

Со барањето подносителот бара информација за број утврдени дисциплински постапки за судии, претседатели на судови и членови на ССРСМ, за период од месец октомври 2022 година до месец септември 2023 година, со наведување на причината како основ за поведување и утврдување дисциплинска одговорност.

**38) Барање поднесено од Институт за европска политика**

Со барањето подносителот бара информација за постапувањето на Советот по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судовите, претседателите на судовите и судиите за период од октомври 2022 година до септември 2023 година, со наведување на клучните наводи како основ за поднесување на претставките и поплаките.

**39) Барање поднесено од судија Газменд Фејзули**

Со барањето подносителот бара да му се достави решението за редовно оценување на работењето за 2019, 2020, 2021 и 2022 година, кое се однесува на неговата работа како судија на Управен суд.

**III.** Од вкупно 39 примени барања, Судскиот совет на Република Северна Македонија, позитивно одговори на 31 барање и тоа:

1) на барањето на подносителот Петар Бошевски со кое бара да му се достави Меморандум за соработка потпишан помеѓу Судскиот совет на РСМ и Коалицијата на здуженија на граѓани „Сите за правично судење“, на начин што е доставен бараниот акт-меморандум..

2) на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од **Институт за европска политика** со кое подносителот бара податоци поврзани со изборот, разрешувањето, , временото упатување, престанокот на судиската функција на судии и претседатели на судови и податоци за бројот на претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судовите, претседателите на судовите и судиите за период од 1 октомври до 31 декември 2022 година, со наведување на клучните наводи како основ за поднесување на претставките и поплаките, колку од доставените претставки се разгледани, колку се неосновани, а колку основани и колку се повлечени од подносителот; број на поведени и број на утврдени дисциплински постапки за судии, претседатели на судови, членови на ССРСМ за период од 1 октомври до 31 декември 2022 година, со наведување на причината како основ за поведување и утврдување дисциплинска постапка, број на донесени одлуки за разрешување на судии и претседатели на судови за период од 1 октомври до 31 декември 2022 година, со наведување на причината како основ за нивното разрешување и податоци за донесени подзаконски акти во периодот 1 октомври до 31 декември 2022 година со цел доследна примена на Законот за Судскиот совет (Службен Весник на РСМ, бр.102/2019)., На барателот на информациите му е одговорено на начин што му се доставени сите горенаведени барани податоци.

3) Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со кое подносителот Ангела Рајчевска, новинар од МИА бара информација за исплатени патни трошоци на сите судии и членови на Судскиот совет во РСМ (со име и презиме) за изминатите три години, односно 2020, 2021 и 2022 година.

4) Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со кое подносителот Институт за Европска политика – Скопје бара информација за околноста кои се измените и дополнувањата на Програмата и Акцискиот план за превенција и следење на корупција во судството 2022-2025 година, кои измени се усвоени на 421-та седница на ССРСМ, одржана на 07.12.2022 година. На подносителот му е доставена следната информација: извршени се промени на редоследот на точките со нивно дополнување и прецизирање; поделена е корупцијата во Судскиот совет и корупцијата во судството; дадена е проценка на ризици и одделен е придонесот за корупција во судството на други актери од корупцијата во самото судство; внесен е придонесот на медиумите за лошата перцепција во судството за корупција; во Акциски план направени се измени во делот на временската рамка, каде што стои трајно сменето е со зборот континуирано; во однос на Кодексот за

етика на членовите на Судскиот совет прва половина на 2023 година е сменета во втора половина на 2023 година; внесено е Здружението на судии во однос на обуката за примена на кодексите и овозможување на подобар статус на судиите и вработените во судовите и членовите на Судскиот совет и вработените и актуелизирање на проблемите.

5) Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со кое подносителот Денис Прешова бара од Советот да му се достави информација за бројот на судии кои биле предмет на вондредно оценување, почнувајки од 2019 година до денес, за структурата на оцените од вонредните оценувања на работата на судиите од 2019 година и новата Методологија од 2020 година, односно колку судии добиле позитивна, а колку судии негативна оцена и со колку бодови. На подносителот му е доставена детална информација за бројот на судии кои биле предмет на вонредносто оценување и оцените кои истите ги добиле во процесорт на вонредното оценување детално за секој суд и секој судија поединечно кои биле предмет на вонредното оценување.

6) Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со кое подносителот Ардит Рамадани бара да му се достави информација од јавен карактер за листа на толкувачи на знаковен јазик, вработени во сите судови во Република Северна Македонија, дали во Прилеп има вработени толкувачи на знаковен јазик и доколку има кој е вработено лице. За изготвување на информацијата и достава до барателот од сите судови во државата е побарана информација дали имаат вработено лице – тоолкувач на знаковен јазик. По приемот на податоците од секој суд поединечно на подносителот на барањето му е доставена информација дека во судовите во република Северна Македонија нема вработено лице – толкувач на знаковен јазик.

7) на подносителот Анита Лапчева Вулиќ **од Неготино** бара да и се достави примерок од преработениот Единствен годишен план за вработување во судовите за 2023 година. **По барањето е** постапено и информацијата е доставена до барателот по писмен пат.

8) на подносителот ИЈК-Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство кој бара информации за бројот на жени судии и мажи судии, за бројот на жени претседатели и заменици на претседателите и за бројот на мажи претседатели и заменици на претседатели во сите основни судови, апелациони судови, во Врховниот суд на РСМ, Управниот суд, Вишиот управен

суд и во Судскиот совет на РСМ, му е одговорено со достава на бараните информации како следи: -во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година во судовите во Република Северна Македонија имало 322 судии-жени или изразено во проценти 59,63 % и 218 судии -мажи или изразено во проценти 40,37 %. - во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година имало 306 судии-жени или изразено во проценти 59,07 % и 212 судии -мажи или изразено во проценти 40,93 % - во периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019 година имало 301 судии-жени или изразено во проценти 59,5 % и 205 судии -мажи или изразено во проценти 40,5 %..- во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година имало 303 судии-жени или изразено во проценти 60,2 % и 200 судии -мажи или изразено во проценти 39,8 %. - во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година имало 296 судии-жени или изразено во проценти 61,3 % и 187 судии -мажи или изразено во проценти 38,7 % и во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година имало 296 судии-жени или изразено во проценти 61,3 % и 187 судии -мажи или изразено во проценти 38,7 %. По однос на половата структура на избрани претседатели на судови Судскиот совет на Република Северна Македонија располага се следниве информации: - во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година на функцијата претседател на суд избрани се 10 судии од кои 6 мажи и 4 жени. - во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година на функцијата претседател на суд избрани се 2 судии од кои 1 маж и 1 жена. - во периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019 година на функцијата претседател на суд избрани се 14 судии од кои 7 мажи и 7 жени. - во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година на функцијата претседател на суд избрани се 8 судии од кои 5 мажи и 3 жени. - во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година на функцијата претседател на суд избрани се 6 судии од кои 3 мажи и 3 жени и - во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година на функцијата претседател на суд избрани се 3 судии од кои 1 маж и 2 жени . Воедно, подносителот на барањето е известен дека податоци за структурата на судиите се содржани и во Годишните извештаи на Советот кои согласно законските одредби од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот е должен да ги изготвува секоја година, како и дека податоците се јавни и објавени на WEB страната на Советот.

9) на подносителот Драган Лазаревски му се доставени информациите од јавен карактер кои се предмет на неговото барање - фотокопија од претставките УПП. бр. 08-89/23 и УПП бр. 08-89/1 од 27.01.2023 година, како и фотокопија од записникот од седницата на 22.03.2023 година.

10) до подносителот Ардит Рамадани му е доставена бараната информација од јавен карактер која се однесува на бројот на застарени судски предмети од 2019 година до сега, односно во последните 4 години. Информацијата е доставена за секоја година поединечно, односно подносителот е известен колку предемти се застарени секоја година поединечно и тоа за 2019, 2020, 2021 и 2022 година.

11) На подносителот на бараната информација од јавен карактер „Институт за еврпоска политика“ му се доставени поголем број информации кои ги бара, а се однесуваат на податоци поврзани со изборот и разрешување на судии, времено упатување, престанокот на судиска функција, за дисциплински постапки кои биле водени против судии и претседатели на судови, како и информации кои се однесуваат на, поднесени претставки и поплаки за работата на судиите и претседателите на судовите. Сите податоци се бараат за периодот од 1 јануари 2023 година до 31 март 2023 година.

12) На барателот на информација од јавен карактер Мери Јордановска и се доставени бараните информации за број на премети за кои во судовите настанала апсолутна застареност сметано по години од 01.01.2018 до 31.03.2023 година; за број на предмети за кои во судовите настапила апсолутна застареност според видот на делото, сметано од 01.01.2018 до 31.03.2023 година и за број на предмети за кои во судовите настапила апсолутна застареност по судови сметано од 01.01.2018 до 31.03.2023 година.

13) На барателот на информација од јавен карактер „Институт за европска политика„ му е доставен Финален извештај од Работната група од информатичарите за изработка на анализа и извештај по барањето на Советот на ИКТ, за обезбедување на средства за надградба, инсталација и конфигурација на Femida True Records, во судовите на РСМ.

14) На подносителот на барањето на информација од јавен карактер Војне Петкоски по однос на барањето информации до каде е постапката по претставка поднесена од негова страна на 08.02.2023 година и зошто нема одговор по поднесен приговор му е доставена бараната информација. Подносителот е известен до каде е постапката по претставка УПП бр.08-50/23, дека истата е разгледана на седница на Советот одржана на 20.02.2023 година, каде што е констатирано дека Советот не е надлежен да постапува по претставката, а подносителот е потребно да сочека списите на

предметот да се вратат во ОС Охрид, со цел да се одлучи по барањето за трошоците на постапката. По однос на преставката поднесена на 09.03.2023 година во која се изразува незадоволство од известувањето на Советот по однос на претходно поднесената преставка УПП.бр.08-50/23, подносителот е известен дека во Судскиот совет на Република Северна Македонија е оформен предмет евидентиран под УПП.бр.08-105/23. По преставката, е постапено, истата е разгледана на седница на Советот одржана на 09.05.2023 година при што е констатирано по истата да не се постапува и да се затвори со службена белешка, согласно чл.11 од Законот за постапување по преставки и поплаки Ова од причини што преставката се однесувала на прашање по кое веќе е постапувано и во истата не биле изнесени нови факти и околности кои не биле познати при претходното постапување. За одлуката на Советот подносителот е известен со известување.

15) На подносителот на барањето на информација од јавен карактер Коалиција „Сите за правично судење“ им се доставени бараните податоци а тое се: примерок од решение бр.02-901/1 од 26.04.2023 година; примерок од одлука со која се става вон сила решението на Судскиот совет на РСМ бр.02-801/1 од 26.04.2023 година; одлука за разрешување на Весна Дамева од функцијата претседател на Судскиот совет на РСМ од одржана 441-та нејавна седница од 04.05.2023 година и примерок од записник од 438-та седница на Судскиот совет.

16) На подносителот на барањето на информација од јавен карактер Балканска истражувачка мрежа – БИРН е доставена бараната информација - записник од 320-та седница на Судскиот совет на РСМ од 02.10.2019 година.

17) На подносителот на барањето на информација од јавен карактер Ардит Рамадани му е доставена информацијата која ја бара, а која се однесува на број на застарени предмети во судовите сметано од 01.01.2018 година до денот на поднесување на барањето. Информацијата е доставена во форма на табеларен приказ.

18) На подносителот на барањето на информација од јавен карактер Транспаренси интернешнл Македонија е доставена бараната информација а тоа е преглед на сите проекти кои Судскиот совет на РСМ ги имплементирал во период од 2019-2023 година, акои биле финансирани од странски донатори (вклучувајќи го буџетот кој што бил доделен како грант од странски донатор за секој од проектите).

19) На подносителот на барањето на информација од јавен карактер „Здружение на граѓански комуникации“ доставени се податоци за 2022 година кои се однесуваат на буџетската ставка 480-купување на опрема и машини и на буџетската ставка 481-градежни објекти.

20) Барањето за слободен пристап до информациите од јавен карактер поднесено од лицето Славчо Деспотов кој бара како информација да му се достави извештај за состојбата и начинот на кој Советот има постапувано по претставка поднесена од негова страна во месец јуни 2022 година е уважено. На подносителот на барањето на информација од јавен карактер му е доставен детален извештај за состојбата и начинот на кој е постапувано по претставките во Советот заведени под УПП бр.08-248/22 и УПП бр.138/22. Ова од причини што при постапување по барањето за слободен пристап е констатирано дека и во двета претставки како подносител се јавува лицето Славчо Десподов.

21) На подносителот на барањето на информација од јавен карактер Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ е доставена бараната информација за период од 01.10.2022 година до 30.09.2023 година за вкупен број на претставки по кои постапувал Советот, колку од претставките биле основани, колку биле одбиени како неосновани, а колку биле отфрлени. Исто така на подносителот на барањето за истиот период, предмет на интерес му е доставена и информација за констатиран престанок на судиската функција на судии.

22) На подносителот на барањето на информација од јавен карактер „Институт за европска политика“ е доставена бараната информација за вкупен број на претставки по кои постапувал Советот, колку од претставките се основани, колку се неосновани, колку се отфрлени и колку се вратени во работа, која информација се однесуваше за период од 01.01.2022 година до 26.10.2022 година.

23) На подносителот на барањето на информација од јавен карактер Оља Ристова и е доставена информација која е побарана –„од страна на која институција, орган, училиште за странски јазик, меѓународно здружение или признат атестатор се издадени сертификатите за познавање на англиски јазик на судијата Александра Ристевска, за Б и Ц ниво, кој датум се издадени, под кој деловоден број и кој ги потпишал“.

24) На подносителот на барањето на информација од јавен карактер „Институт за европска политика“ му е доставена бараната информација - за бројот на избрани и разрешени судии и, претседатели на судови за периодот од 01 октомври до 31.декември 2022 година. Подносителот е известен дека во наведениот период се избрани 2 судии, согласно чл.45,46 и 47 од Законот за судовите, а разрешени се 6 судии. По однос на претседателите на судовите во наведениот период избрани се 2 претседатели на судови, а не е разрешен ниту еден претседател на суд.

25) На подносителот на барањето на информација од јавен карактер „Институт за европска политика“ му е доставена бараната информација - за бројот на времено упатени судии од еден во друг суд, за периодот од 01 октомври до 31.декември 2022 година. Подносителот е известен дека во периодот од 01 октомври до 31 декември 2022 година времено упатен во друг суд е 1 судија. Причината за времено упатување е намалената ажурност на судот при што е доведено во прашање тековното работење на судот.

26) На подносителот на барањето на информација од јавен карактер „Институт за европска политика“ му е доставена бараната информација – на колку судии им бил изречен престанок на судиската функција. Подносителот на барањето е информиран дека во период 01 октомври до 31 декември 2022 година престанок на судиската функција им била изречена на вкупно 9 судии од кои на 8 судии поради исполнување на услови за старосна пензија а на 1 судија поради смрт.

27) По однос на бараната информација на подносителот Институт за европска политика“ за постапувањето на Судскиот совет на РСМ по преставки и поплаки поднесени од граѓаните и правните лица за работата на судовите, претседателите на судовите и судиите до подносителот на барањето е доставена информација со која е известен дека во периодот предмет на интерес - 01 октомври до 31 декември 2022 година доставени се вкупно 38 преставки. Од нив на седница на Советот разгледани се вкупно 38 преставки. Од разгледаните преставки основани биле 35 преставки, а неосновани 2 преставки. 1 преставка била делумно основана и нема преставки повлечени од подносител.

28) По однос на бараната информација на подносителот Институт за европска политика“ за поведени дисциплински постапки против судии и претседатели на судови и против членови на

Судскиот совет на Република Северна Македонија, за период од 01 октомври до 31 декември 2022 година, до подносителот на барањето е доставена информација со која е известен дека во предметниот период 01 октомври до 31 декември 2022 година во Советот нема поведени дисциплински постапки против судии и претседатели на судови, ниту против членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

29) По однос на бараната информација на подносителот Институт за европска политика" за донесени одлуки за разрешување на судија или претседатели на судови поради „намерно и неоправдано направена крупна професионална грешка"во периодот од 01 октомври до 31 декември 2022 година при што различното толкување на правото и фактите не може да преставува основ за утврдување одговорност на судијата, до подносителот на барањето е доставена информација со која е известен дека во предметниот период на интерес согласно чл.76 ст.1 т.7 од Законот за судовите е донеасена 1 одлука по овој основ.

30) На подносителот на барањето на информација од јавен карактер „Институт за европска политика" му е доставена бараната информација за донесени подзаконски акти од страна на Советот во периодот од 01 октомври до 31 декември 2022 година. Во таа насока подносителот е известен дека Судскиот совет на РСМ во предметниот период ги има донесено следните подзаконски акти: програма и Акционен план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022-2025, етички кодекс за членовите на Судскиот совет на РСМ; - годишна програма за работа на Судскиот совет на РСМ за 2023 година и Интерен план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите за период од 01.01.2023-31.12.2023 година

31). На подносителот на барањето на информација од јавен карактер Газменд Фејзуљи му е доставена бараната информација од јавен карактер - решение за редовно оценување на работата за 2019, 2020, 2021 и 2022 година, кое се однесува на неговата работа како судија на Управниот суд.

**IV.** Судскиот совет на Република Северна Македонија има одбиено 6 (шест) барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и тоа:

1) на подносителот на барањето Александар Димитриевски новинар од М медиум 360 по однос на барањето со кое бара информација - листинг на телефонски разговори од службените

телефони на членовите на Судскиот совет на РСМ за период од јануари 2021 година до декември 2022 година. Барањето е одбиено од причини што согласно одредбата од член 3 став 1 алинеа 2 в.в. со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер информациите предмет на барањето на подносителот се информации кои не се создадени од страна на Советот, ниту информации со која Советот располага.

2) во предметот: 11-961/2023 - поднесен од Хелсиншки комитет за човекови права – Скопје. Во овој предмет подносителот согласно Стратегијата и акциски план за развој на пробациската служба во РСМ (2021-2025) ги бара следните информации од јавен карактер: број на препораки дадени од Судскиот совет на Република Северна Македонија да се изрекуваат повеќе алтернативни казни и до кои судови истите се испратени за период од 2021 и 2022 година и број на одржани тркалезни маси со кривични судии и обвинители во сите региони за да се промовира изрекувањето на алтернативни казни, посебно општокорисна работа. Барањето е одбиено од причини што согласно одредбата од член 3 став 1 алинеа 2 в.в. со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер информациите предмет на барањето на подносителот се информации кои не се создадени од страна на Советот, ниту информации со која Советот располага.

